# *ДНЕВНИКОТ НА НЕПОЗНАТИТЕ*

**Далибор Трајков**

САКАМ КНИГИ

# 1

## *2004 година*

Антонио сè поматно го гледаше својот егзекутор, кој по првиот неочекуван убод со нож му нанесе уште два.

Престана со убодите, но не го вадеше долгото сечиво од неговиот стомак. Игриво, сè подлабоко му го засекуваше белодробното крило. Уживаше.

Катедрата на којашто Антонио досега се потпираше со задоволство, одеднаш стана негово губилиште. Никогаш не се посомнева, ниту пак предосети, дека токму таа катедра ќе биде местото на коешто ќе ја почувствува смртоносната болка.

Дење, додека им држеше настава на учениците, гордо седеше или се потпираше на неа, а навечер тајно водеше љубов на катедрата. Така сакаше неговата овдешна љубовница. На почетокот не се чувствуваше удобно и опуштено, се плашеше да не ги види некој и покрај тоа што училиштето се наоѓаше сосема на крајот од селото и завесите целосно го криеја видикот во училницата. Од друга страна, му се гадеше од помислата колку погано се однесува кон својата професија водејќи љубов во просторијата во којашто ги образуваше и воспитуваше учениците.

Но како одминуваше времето, постепено се навикнуваше на својот грев. Секако го сметаше за грев своето однесување, па според тоа и не беше толку важно каде го

прави, само внимаваше никој во селото да не дознае за неговата тајна врска. Се плашеше дека ако се дознае, ќе го изгуби стекнатиот авторитет и почитта од селаните. Беше свесен за ризикот, но воедно и многу претпазлив. Ѝ веруваше на тајната љубовница од едноставна причина што и таа имаше потреба од дискреција, а сексот без обврски за заедничка иднина им беше од взаемен интерес.

Затекнат и исплашен, немаше ниту време ниту сила да реагира и да се обидува да го извади ножот. Остави тоа да го направи личноста на којашто веќе ѝ се беше предал.

Независно дали ножот излегуваше или продираше во телото, болката беше иста. Третото и последно извлекување на долгото сечиво беше неподносливо за Антонио. Инстиктивно левата дланка ја стави врз раните, небаре ќе успее да го сопре крварењето. Се понадева дека можеби ќе куртули.

Со замаглен поглед гледаше како егзекуторот го држи ножот покрај себе и се оддалечува од него. Нозете одвај му го додржуваа згрченото тело. Со секоја одмината секунда чувствуваше зголемен товар на десната рака потпирајќи се на катедрата.

Го спушти погледот и сфати дека безуспешно се обидува да го сопре крварењето. Глетката беше застрашувачка. На подот под него се ширеше локва крв од обилното крварење. Целиот се згрчи и бавно се сврте кон катедрата. Рацете му се лизнаа, само на момент успеа со лактите да се задржи на катедрата. Погледна кон вратата; таму го забележа одблесокот од малиот непоцрвенет дел од ножот.

Значи личноста што му ги направи смртоносните рани сè уште беше тука. Гордо ја набљудуваше немоќта на својата жртва. Стоеше пред самиот праг и задоволно му се потсмеваше.

Рацете на Антонио повеќе не можеа да додржат. Се излизгаа по катедрата и ги турнаа повеќето предмети што стоеја на неа, меѓу кои и белите листови хартија и пенкалото.

По неколку секунди откако се струполи, ја изгуби свеста. Тоа за егзекуторот беше доказ дека работата е успешно завршена и причина да ја напушти училницата.

* * *

По неколку минути Антонио ги отвори очите. „Помош, пооо...“ Повеќе не можеше ништо да проговори, устата му беше исполнета со крв. Чувствуваше тахикардија и ладна пот го ороси...

Веќе му беше јасно дека најверојатно ќе биде тешко да преживее. Немаше кој да му помогне, немаше никој во близина. Во еден момент како да доби сила и пред очи му се најде еден бел лист хартија и пенкало. Единствено нешто што можеше да го стори, беше да го напише името на личноста што му го одзеде животот. Легнат на стомак, ја испружи десната рака за да го дофати пенкалото, а со левата веќе го имаше поклопено и извалкано со крв листот хартија. Растрперено почна да пишува. Како сѐ позабрзано му биеше срцето, така сѐ побрзо и поискрвено ја пишуваше секоја наредна буква. Успеа да го напише името со ракопис којшто ја отсликуваше неговата немоќ и ни најмалку не беше сличен на начинот на којшто пишуваше.

Штом заврши, ја зеде хартијата во левата дланка, по што повторно почна да запаѓа во шок. Тоа беше резултат на хемотораксот - масивното крварење предизвикано од убодите во белодробното крило и слезинката.

Ги затвори очите и низ главата набрзина му преструи најблиското минато, средбите што ги имаше во последниот ден. Му се прикажуваа една по една, како сцени од филм.

Најпрво пред очи му излезе колешката од Скопје во којашто беше вљубен. Помина некое време со неа, заедно се опија и одвај успеа да се воздржи да не им подлегне на сопствените чувства и повторно да заврши во кревет со неа.

Потоа му се појавија разголените девојки кои беа на имотот на универзитетскиот професор Санде Кожухаров, од кои умешно побегна.

И на крајот се виде себеси, како по обичај потпрен на катедрата во училницата, целосно опуштен, гледајќи си ја љубовницата како клекнува. Очекуваше дека орално ќе го задоволува, како што правеше секогаш. Но овој пат тоа не се случи.

# 2

## *2024 година*

Телефонски повик по полноќ беше вообичаена работа за Јован за време на неговото домашно дежурство како инспектор во криминалистичката полиција. Но овој пат тој не беше дежурен. Беа поминати повеќе од два часа откако уморот целосно го беше совладал и веќе беше во длабок сон, па затоа воопшто не помисли дека може да го бара некој што не е вработен во полициската станица во населбата Карпош.

„Ало, Јован!? Ох, ти изгледа спиеш!?“ веднаш го препозна гласот на мајка му. Се изненади. Никогаш претходно не се случило родителите да го бараат доцна во ноќта.

Пред да ѝ одговори, испаничено погледна на екранот на мобилниот телефон. Саатот покажуваше дваесет и пет минути по полноќ.

„Кажи, мамо! Што се случи?“

„Амааа... ти спиеш!?“

„Воопшто не е важно дали спијам или не. Кажувај брзо што се случи! Нешто со тато ли е...?

„Не, не грижи се, сѐ е во ред со него. А исто и со мене“, брзо додаде.

Изјавата на мајка му дека и двајцата се добри не го опушти ни најмалку. „Тогаш, за што се работи? Што се случило?“

„Соседот Таско... татко ѝ на Емилија, во болница е.“

Малку се зачуди што мајка му го разбуди за да го извести за здравјето на соседот од селото, но не искоментира ништо.

„Што му се случило?“

„Како што дознавме од Емилија, се работи за мозочен удар. Прво го примиле во нашата градска болница, но сега го испратиле во Државната болница во Скопје.“

„Што би можел јас да направам?“ ја прекина.

„Има нешто што би можел да направиш. Не сум баш сигурна, можеби ќе ти биде тешко.... а всушност, не знам ни дали Емилија ќе прифати.“

„Мајко, те молам биди конкретна! И не одолговлекувај!“

„Добро, добро. Емилија замина заедно со татко ѝ, со болничкото комбе. Треба веќе да се во Скопје. Кутрата девојка, знам дека тие немаат ниту роднини ниту пријатели таму. Ѝ се јавив веднаш штом тргнаа и ја прашав дали има каде да преноќи. Ми кажа дека нема. Но, ја знаеш ти неа, отсекогаш била скромна. Верувам дека од никого нема да побара каква било помош. Сигурно ќе остане во некој ходник во болницата, секако ако ѝ дозволат. А ако не, ќе си преседи цела ноќ надвор, на некоја клупа.“

Иако поминаа дваесет години откако заврши нивната љубовна врска, Јован многу добро се сеќаваше на Емилија, на нејзиниот карактер. Тој беше убеден дека и да постои некој што може да ѝ понуди преноќиште во Скопје, нејзината скромност, а особено гордоста, нема да ѝ дозволат да се покори и да ја прифати понудата.

„Пред малку рече дека не знаеш дали таа ќе ја прифати мојата помош, значи не си ја прашала?“ Јован ја прекина мајка му. Иако шепотеше, сепак предизвика реакција кај неговата сопруга. Маја се сврте кон него и само сонливо го погледна, не изустувајќи ништо. Иако го наслушна разговорот и разбра дека треба да ѝ се помогне на некоја женска личност, таа воопшто не се посомнева во верноста на Јован. Многупати досега се имаше случено сонот

да ѝ го нарушат службените повици кои ги примаше Јован во текот на ноќта, како и долгите разговори со помладите колеги и колешки кои го бараа за да им даде совет какви мерки и активности треба да се преземат. Па така, и овој пат си помисли дека ѝ треба помош на некоја колешка. Но се изненади кога Јован нагло стана од креветот и силно ја турна лизгачката врата на гардероберот. Таа се исправи и со шепот го праша, „Што се случило?“ Очекуваше да ѝ одговори дека се работи за некое потешко кривично дело и дека мора итно да оди кога виде дека набрзина ги граба фармерките и блузата, но тој само одмавна со главата. Иако совеста му беше чиста, сепак сметаше дека ќе биде навреда за Маја ако искрено ѝ каже каде ќе оди и на кого треба да му помогне.

Сè уште го држеше мобилниот телефон залепен за увото кога излегуваше од спалната соба. Мајка му упорно се обидуваше да го убеди да ѝ помогне на Емилија. „Добро, добро. Еве, тргнувам веднаш. Ќе се слушаме“, конечно ѝ одговори. Беше свесен дека таа е во право. Знаеше дека ќе биде тешко да ја убеди Емилија да ја прифати неговата помош, а уште потешко ќе ја убедеше во тоа преку телефон.

* * *

Во долгиот и тесен ходник кој водеше до одделението на коешто беше хоспитализиран Таско немаше никој друг освен неговата ќерка. На Јован многу потешко му беше да го најде одделението за Неврологија отколку да ја пронајде Емилија. Таа беше свиткана на столот, со грбот свртена кон вратата низ којашто влезе Јован. Иако можеше да ѝ ја види само долгата и густа костенлива коса, тој веднаш знаеше дека е таа. Со сигурни чекори се упати кон неа. Емилија ги слушна чекорите кои ѝ се приближуваа, но не се сврте за да не привлече внимание, претпоставуваше дека е некој од вработените. Се плашеше некој да не ѝ пререче нешто или не дај Боже да ѝ каже да си оди. Доволно ѝ беше грижата за здравствената состојба на татко

ѝ, па не сакаше да се најде во некоја непријатна ситуација. Низ ходникот струеше студен воздух кој влегуваше низ подотворените прозорци, а постепено почна да ѝ навлегува и во коските. Откако пристигна во болницата, излезе само еднаш. Накратко отиде до малата црквичка којашто се наоѓаше во дворот на болницата за да се помоли за здравјето на татко ѝ. Штом го премина прагот и се најде надвор, го почувствува падот на температурата. Но студот и не ја плашеше толку многу, повеќе ѝ беше страв да седи сама надвор во темницата. Потсвесно, беше опседната од различните видови на насилства кои се случуваат во главниот град, а за кои секојдневно известуваат медиумите.

Освен Деспина, нејзината најдобра другарка, Емилија не познаваше никој друг во Скопје. Но, откако ѝ почина сопругот, таа имаше многу проблеми со свекорот и свекрвата, па затоа и немаше намера да ѝ се јави и да ја извести дека е во Скопје. Не сакаше да ја доведе во непријатна ситуација.

Емилија по природа беше трпелива личност, а скромноста отсекогаш ѝ беше главна одлика, па според тоа преноќувањето на стол во болнички ходник воопшто не ја правеше незадоволна. Единственото нешто што ја секираше, беше здравјето на татко ѝ. Докторот кој го прими ѝ кажа дека доживеал тежок мозочен удар и ја предупреди дека во текот на наредните три недели може да следува и друг удар. Но и да не се случи тоа, ѝ напомена дека тој многу тешко и споро ќе закрепнува.

Емилија и татко ѝ си живееја сами во куќата во селото. Таа неизмерно го сакаше својот татко. Беше спремна да направи сѐ што е потребно за тој да оздрави и повторно да застане на свои нозе, па макар и тој процес да трае со години.

„Емилија!?“ Во исто време кога си го слушна името изговорено од гласот што никогаш не го заборави, почувствува и нежен допир на рамото.

„Јован!“ изненадено извика. Јован беше последниот човек што го очекуваше да се појави пред неа. Телото не

ѝ беше подготвено за каква било реакција со која би можела да ја избегне неговата близина. „Што правиш овде?!" разбрануваните емоции од здравствената состојба на татко ѝ, ѝ предизвикаа уште поголем немир кога го виде него. Тие двајцата навистина искрено се сакаа, а копнежот еден за друг очигледно сѐ уште тлееше.

„Мајка ми... таа ми се јави и ми кажа што му се случило на чичко Таско. Ми кажа дека и ти си овде."

Емилија само подголтна, а од зацрвенетите очи повторно ѝ потекоа солзи.

Ваквиот изглед на Емилија го вознемири Јован. Се наведна над неа, благо потпирајќи се со дланките на нејзините слаби рамена и за миг потона во немирното море кое го отсликуваа влажните сини очи пред него. Исти такви беа и за време на нивната разделба, во моментот кога без конкретно образложение му ја кажа болната одлука за нив двајцата. Тој долго време се обидуваше да ја натера да ја преиспита одлуката, но не успеа да ја убеди. Емилија од морални причини отиде против својата волја, но никогаш не престана да го сака, а ниту тој неа.

„Зошто си се мачел? Немало потреба да доаѓаш", тивко и со зарипнат глас му се обрати.

„Емилија, ти имаш потреба од помош."

„Јас немам", одлучно одмавнуваше со главата. „Татко ми е тој што има потреба од помош, тој е болен. Но за жал, никој друг освен докторите, не може да му помогне. И Господ, се разбира."

„Секако, тој е во нивни раце." Клекна пред неа и ѝ ги тргна прамените од косата коишто солзите ѝ ги залепија на образите. „Ти и јас сигурно нема да можеме да смениме нешто. Но, знам дека ти не смееш да ја поминеш ноќта овде."

„Не грижи се за мене! Мене ми е добро овде", се повлече station наназад за да се оддалечи од него и да ги избегне неговите допири.

„Нема шанси да те оставам овде. Особено не во ваква ситуација."

Неколкупати ѝ се подигнаа и спуштија градите во обид да се контролира, но емоциите ја совладаа. Ништо не можеше да го скроти плачот што одеднаш излезе од неа. Прегратката на Јован беше инстинктивна реакција од која не се обиде да побегне, напротив, си ја потпре главата на неговото рамо.

„Само татко ми ми остана“, прошепоти низ солзи.

„Знам, знам. Биди силна, издржи! Јас те познавам многу добро и знам дека ќе можеш да се справиш со оваа ситуација. Пред сѐ, потребна си си самата на себе.“

По десетина секунди, таа повторно се повлече од него бришејќи си ги солзите.

„Нема да дозволам да останеш тука ноќва.“

„Не! Не сакам помош од никого, веќе ти кажав. Остави ме! Можам и самата да се справам со ова.“

„Види сега!“ фаќајќи ја за зглобовите, ѝ ги спушти рацете. „Погледни ме, инаетчике!“ ѝ се обрати на начин на којшто се шегуваше со неа додека беа во врска.

„Остави ме!“ Таа се обидуваше да ги оттргне своите раце кои стануваа сѐ понемоќни од неговите кои цврсто ја држеа.

„Еми, те молам, слушни ме! Знам дека ти е тешко да ме гледаш. Ама верувај ми, и мене не ми е сеедно. И јас, исто како и ти, сум свесен дека сме поранешни љубовници. Но тука сум за да ти помогнам како сосед, како соселанец, како човек што те познава или.... не знам како што друго. Не можам со сигурност да знам како ти гледаш на мене, но верувам дека ја препознаваш мојата добра намера. Нема да ја злоупотребам ситуацијата, верувај ми! Нема никому да кажам. И ти ме познаваш мене, отсекогаш сум те почитувал и те уверувам дека така и ќе остане.“

„Но мене не ми е потребна помош. Не знам како да ти го објаснам тоа... Помош му е потребна на татко ми...“

„Потребна ти е и тебе, а ти си му потребна нему. Но не ваква, изнемоштена, каква што те гледам сега. А биди сигурна дека ќе бидеш и уште полошо доколку не дојдеш со мене.“

„Јован, ти си женет човек, имаш семејство. Оди си кај нив!“ солзите лежерно ѝ се спуштаа по образите, а по некоја капнуваше и на неговите раце.

„Свесен сум за тоа. Но моето семејство е една работа, а ова е сосема друга. И не сакам веќе да повторувам, инсистирам да тргнеш со мене!“ ѝ се обрати на малку повисок тон. Емилија инстинктивно прошета со погледот наоколу, се исплаши да не наиде некој вработен и да ги избрка надвор.

„Нема да дојдам кај тебе, разбери ме! Те молам! Што ќе ѝ кажеш на жена ти, на детето? Како ќе ме претставиш?“ таа зборуваше тивко, надевајќи се дека и тој ќе го снижи тонот.

„Не грижи се, нема да те носам кај мене дома. Ќе преспиеш во хостел, во близина е. Се наоѓа на спротивната страна од главниот влез на болницата.“

„Јас секако нема да заспијам, затоа и не ми е потребно такво сместување. Те молам...“

„Не е важно дали ќе заспиеш или не, поважно е да се одмориш. Нели гледаш колку е ладно во ходникот!? Јас сум тука само неколку минути, а веќе се смрзнав. Ќе настинеш.“

Јован го препозна изразот на лицето кој и пред многу години му кажуваше дека Емилија попуштила пред неговите убедувања. Затоа, истовремено додека тој се исправуваше, ја повлече и неа нагоре. Штом таа посегна по својата мала торба којашто ѝ беше оставена на соседниот стол, тој ја фати за дланка и непоколебливо зачекори напред, а таа по него.

* * *

„Кога и колку треба да платам?“ конечно Емилија го прекина молкот штом влегоа во собата од хостелот.

„Зарем не виде дека јас веќе имав клуч!? И плус тоа, никој не дојде да ти каже каде треба да се сместиш, нели?“

Ѝ намигна, по што веднаш се појави насмевка на неговото лице.

„Хостелот е твој?“

„Нее...“ насмевката му стана уште поголема.

„На жена ти е!?“

„Не, не. На еден мој пријател е. Не грижи се, не треба ништо да платиш.“

Емилија си ја зеде торбата којаштотуку ја остави на подот. „Не сакам да ме честиш. Ти не си ми ништо“, се подналути.

Јован ѝ го попречи патот кон излезот. „Чекај! Застани! Не те честам јас.“

„Ами кој? Некој непознат? Не сакам никој да ме сожалува, ниту пак сакам да му бидам должна некому.“

„Не си ти ничија должничка.“

„Не сакам ни ти да бидеш должен некому заради мене.“

„Човекот што го има хостелов е мој пријател, да не речам мој должник. Благодарение на мојот ангажман се расветли кривичното дело во коешто тој беше оштетен - успеав да му ги вратам украдените златни предмети кои му беа генерациско наследство“, Јован ја зборуваше вистината, а таа многу добро го познаваше, па лесно можеше да ја препознае неговата искреност.

„Никогаш досега не сум побарал сместување во хостелот или каква било друга услуга од него. Не верувам ни дека некогаш ќе имам потреба од тоа.“

„Значи, сепак сум ти должна тебе“, Емилија немаше друг избор, се повлече назад и ја остави торбата на креветот.

„Како сакаш, така сфати го сместувањето, но сакам да знаеш дека немаш никаква обврска спрема никого. Твојата единствена обврска ќе биде да ме известиш кога ќе го напуштиш апартманот. Тоа значи дека можеш да останеш овде колку што сакаш. И те молам, сакам да ми се обратиш и за сè друго што ќе ти затреба деновиве. Се разбира,

ќе бидеме во контакт. Утре ќе исконтактирам со некои од докторите, мои пријатели од болницата. Ќе се распрашам за состојбата на чичко Таско и ќе ги замолам да му обрнат поголемо внимание, да добие подобра лекарска помош и нега во болницата."

Емилија сфати дека нема зошто повеќе да му се спротивставува и да ја одбива неговата помош, па му се заблагодари. „Ти благодарам."

„Нема за што. Верувам дека има топла вода, слободно можеш да се истушираш." Јован погледна во рачниот часовник. „Имаш неколку часа за да се одмориш", со далечинскиот управувач го вклучи клима уредот за да го затопли апартманот во кој и така не беше студено.

„Јован..." нервозно се почеша за косата. „Сепак сум ти должна за ова. Ако не беше ти..." од безизлезната ситуација во којашто се најде како да ја изгуби контролата врз себе, потиштено одмавнуваше со главата.

„Никогаш немој да се чувствуваш како мој должник за ова", ја прекина. „Обврска на секој човек е да му помогне на оној којшто одненадеж ќе се најде во тешка ситуација, баш како ти сега. А кога веќе зборуваме за долгови, ти многу добро знаеш кој е твојот долг кон мене", мислеше на одговорот кој никогаш не му го даде - зошто му раскина веднаш по смртта на мајка ѝ. Во период кога ѝ требаше утеха од некој близок, од некој што ја сака - а таа знаеше дека неговата љубов беше подеднакво голема и искрена, како и нејзината - таа го отфрли без никакво објаснување. Иако поминаа дваесет години оттогаш, тој сакаше да ја знае причината поради која му раскина.

„Те молам, не ја почнувај таа тема. Бесцелно е да зборуваме за тоа сега кога ти веќе имаш оформено семејство. Не си го губи времето тука со мене, доволно е тоа што го направи за мене, дури и премногу", се доближи на неколку чекори од него. „Врати се дома!"

„Ако сега не е важно тоа, можеше да ми одговориш порано. Кога и да те сретнев, сè додека не се оженив, ти го поставував истото прашање."

„Ете гледаш, по твојот брак, одговорот не може да промени ништо помеѓу нас."

„Сеедно, сакам да ја дознаам причината“, повишениот тон го издаде дека веќе е нервозен.

„Не сега!“ и таа му возврати со истиот тон.

„Кога? Не сега, не пред дваесет години... Кога!? Чекав да се соземеш по смртта на тетка Магде. Секогаш имав разбирање за твојата емоционална состојба. А ти!? И покрај сè, ти ме отфрли и не ми кажа зошто го направи тоа.“

„Имај разбирање и денес, те молам! Татко ми се наоѓа во многу тешка состојба, можно е и да не преживее.“

„Како и секогаш јас имам разбирање, но го губам трпението кога си пред мене. Зошто, зошто?! Што криеш од мене?“

„Разбери ме, не можам сега да зборувам за нашето минато. И самиот знаеш дека што и да ти кажам, тоа нема да ја смени нашата иднина.“

„Каков и да биде твојот одговор на моето прашање, секако нема да влијае на здравјето на татко ти. А за иднината, не знам... и нема да знам сè додека не дознаам што е тоа што те натера да ме исфрлиш од твојот живот.“

„Те молам, оди си!“ му одговори во плач, повлекувајќи се наназад.

Длабоко во себе, Јован сè уште ја сакаше Емилија. Во моментов почувствува грижа на совест поради тоа што со својата неконтролирана љубопитност ѝ ја наруши и онака тешката емоционална состојба во којашто се наоѓаше. Беше свесен дека неговата близина ќе ја повредува уште повеќе, а не сакаше да го прави тоа.

„Извини“, ѝ се обрати со израз на каење. „Добра ноќ!“ одвај додаде и набрзина си замина. Не сакаше повторно да го слушне нејзиниот глас исполнет со тага.

# 3

## *Понеделник*
## *17 јуни 2024 година*

Првиот пат не обрна внимание на срамежливата насмевка на малото девојче кое седеше до прозорецот и немирно ја вртеше главата разгледувајќи наоколу, та дури се однесуваше како и воопшто да не ја забележа. Но ќе беше сосема некултурно од негова страна доколку и вториот пат не ѝ обрнеше внимание кога таа очигледно сакаше да го привлече неговото. А од друга страна беше невозможно да ги игнорира широко отворените очи со небесен сјај кои магично го пресликуваа сјајот во неговите очи. Само едно негово трепкање со очите беше доволно за девојчето да го закова погледот за него. Благо ја накриви главата и ѝ упати насмевка со собрани усни. Му возврати со широка насмевка. Повремено погледнуваше кон мајка си очекувајќи ја нејзината реакција затоа што постојано беше свртена назад, но со оглед на тоа што мајка ѝ беше навикната на нејзиниот темперамент, воопшто не ѝ го зеде за зло тоа. Но кога девојчето почна да се кикоти на глас, таа нежно ѝ го стегна рачето за да ја натера да прекине. Со погледот набрзина го заобиколи просторот околу нив и забележа дека сите патници седат мирно на седиштата, речиси полузаспано. „Калина, престани! Некој можеби спие, а ти ќе го разбудиш“, ѝ шепна со остар тон.

Калина ѝ кимна со главата, само за момент прифаќајќи го предупредувањето, по што пак се сврте кон Давор и со

малото раче се обиде да ја прикрие насмевката. Мајка ѝ го забележа тоа, но бидејќи не се сеќаваше дека виде друго дете кога влегуваа во автобусот, се сврте назад со намера да дознае на кого му се смешка Калина. Се изненади од насмевката на младиот човек кој седеше на седиштето зад нив. Тој воопшто не ја забележа, занесено гледаше во ќерка ѝ. „Калина, не им досадувај на другите!“ сега ја предупреди малку погласно, истовремено погледнувајќи во сопатникот. Во тој момент и Давор гледаше право во нејзините очи. Иако изгледаа многу уморно, јасно можеше да се види дека се идентични со оние на девојчето, така што не му требаше многу време за да заклучи дека тие се мајка и ќерка.

На Давор му стана малку непријатно, па погледот повторно го насочи кон девојчето. „Воопшто не ми досадува, не грижете се! Напротив, многу е слатка. Јас го прифатив предизвикот и ѝ возвратив на насмевката.“

Чувство на непријатност ја обзеде и жената. Не знаеше што да му одговори. И изгледаше како да го познава од некаде, но од друга страна беше убедена дека никогаш претходно не комуницирала со него. Срамежливо кимна и погледна кон Калина која сѐ уште не го тргаше погледот од него.

„Ти, како се викаш?“ го праша девојчето, држејќи се за металната шипка на врвот на седиштата.

Мајка ѝ преврти со очите, ѝ стана уште понепријатно од детската љубопитност.

„Давор“, ѝ одговори. „А ти?“

Пред да му одговори задоволно погледна кон мајка си. „Јас сум Калина. А мајка ми се вика Деспина“, се почувствува многу гордо затоа што со својот одговор предизвика насмевка и кај двајцата.

„Каде ќе одиш?“ сакаше да го искористи моментот на расположение на мајка ѝ за да дознае нешто повеќе за човекот што многу ѝ се допаѓаше.

„Во едно село. Црвенокамен се вика.“

„Навистина?!“ изненадена од одговорот, очите ѝ светнаа и ѝ станаа уште поголеми.

Давор не можеше да им одолее на детските очи кои го гледаа со голема милост. „Да“, ѝ одговори со насмевка.

„И ние ќе одиме во Црвенокамен. Баба ми и дедо ми живееја таму, но од денес ние ќе живееме во нивната куќа.“

Жената што седеше две седишта пред нив ја слушна Калина и се сврте кон нив. Деспина се засрами, но секако не можеше да ѝ замери на искреноста на својата шестгодишна ќерка.

„Јас не сум бил во тоа село досега... Ама верувам дека ќе ми се допадне“, Давор не сакаше да ја прекине комуникацијата со духовитото девојче.

„Многу е убаво. Таму можам да си играм надвор цел ден“, веднаш му одговори Калина, а Деспина насмеано одмавнуваше со главата.

„Ќе ми го покажеш селото ако се сретнеме таму, нели?“ Давор умееше да им ја поткрене самодовербата на децата, иако беше очигледно дека кај Калина немаше потреба од такво нешто.

„Секако“, му одговори самоуверено. „Јас го имам прошетано целото село. Ќе ти го покажам. Не е големо, ама многу е убаво.“

Деспина забележа дека веќе се наближуваат до нејзиното родно место. Имаше уште неполн километар до автобуската постојка на којашто требаше да се симнат. „Калина, спреми се, стигнавме“, ѝ се обрати малку погласно од потребното, но намерно. Целта ѝ беше и на Давор да му даде на знаење дека и тој треба да се приготви.

Тој ја слушна и веднаш погледна во рачниот часовник. Беше изненаден што побрзо од предвиденото време пристигнаа во местото коешто никогаш претходно не го беше посетил, а до пред четири дена воопшто и не му беше паднало на памет дека некогаш ќе го посети. Тука немаше никој свој. Едноставно, поканата од сопственикот на најстарата и најголема приватна библиотека во Македонија му делуваше доста привлечно, па не сакаше да ја одбие. Впрочем, тој и немаше пракса да ги одбива поканите

коишто ги добиваше, а како автор на петте најчитани романи во библиотеките низ државата, ги имаше прилично. Тоа можеше да се случи само доколку имаше работни обврски или веќе имаше закажано присуство на друго место. Овој пат немаше буквално ништо испланирано, а имаше потреба од малку одмор, па поканата да присуствува на јубилејната прослава на библиотеката му дојде во вистински момент. Веќе неколку дена чувствуваше голем замор и размислуваше за некое патување во близина, краток престој на некоја нова локација во државата и посета на некоја знаменитост, каде што би можел да создаде фикција за новиот роман.

*А зошто да не во селото каде што се наоѓа најстарата приватна библиотека*, си помисли кога го прими телефонскиот повик од сопственикот на библиотеката.

Оваа година се навршуваа педесет години од официјалното регистрирање на библиотеката „Македонска мисла" во селото Црвенокамен, чиј книжевен фонд е собиран повеќе од еден век од неколку генерации.

Не се двоумеше ни за момент, веднаш донесе одлука и ја прифати поканата. А кога домаќинот му кажа дека ќе биде почестен ако се согласи да му биде гостин во еден од апартманите наменети за гости, задоволно си рече во себе: *Тоа е она вистинското.* Во главата му проструи една мисла, *Сè се случува со причина, а понекогаш и во вистинскиот момент.*

Гледајќи во малото девојче и неговата мајка како држејќи се за рака пред него се симнуваат од автобусот, си ги замисли како дел од неговата нова приказна, позитивни ликови преку кои ќе може да ги разбранува емоциите на читателите.

Му упатија блага насмевка веднаш штом застанаа на безбедна дистанца на крајот на паркинг просторот. Деспина, стегајќи ѝ ја раката на Калина, успеа да ѝ ја скроти љубопитноста и да ја замолчи.

Давор беше изненаден од пристојната реакција на малото девојче. Ги поздрави на истиот начин и продолжи